**Уп. бр. 08-23/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л., со регистрирано седиште на Плас де ла Гар 5, Л-1616 Луксембург, Луксембург, доставено преку полномошник Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.02.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л., со регистрирано седиште на Плас де ла Гар 5, Л-1616 Луксембург, Луксембург ќе стекне самостојна контрола над друштвото Свикс Биофарма Холдинг АГ, со регистрирано седиште на Нојхофштрасе 5А, 6340 Баар, Швајцарија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.01.2026 година, а дополнето на 27.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л., со регистрирано седиште на Плас де ла Гар 5, Л-1616 Луксембург, Луксембург со која СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л., ќе стекне самостојна контрола над друштвото Свикс Биофарма Холдинг АГ, со регистрирано седиште на Нојхофштрасе 5А, 6340 Баар, Швајцарија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, допоната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л.** е друштво со посебна намена, основано исклучиво за целите на Предложената трансакција. Истото нема други деловни активности.

СКЕС Инвестмент 17 С.а.р.л е индиректно контролиран од фондови со кои управуваат и кои ги советуваат поврзани друштва на СК Капитал Партерс Л.П. (SK Capital Partners L.P.; „СК Капитал“).

СК Капитал е приватно инвестициско друштво со седиште во САД, фокусирана на секторите на специјализирани материјали, хемиската и фармацевтската индустрија. СК Капитал е основана во 2007 и е со седиште во Њујорк, САД, со канцеларија и во Мајами, Флорида, САД. Активно е на светско ниво, преку своите портфолио друштва, со посебен фокус на Северна Америка, Европската Економска Област (ЕЕО), Блискиот Исток и Австралија.

Друштвата од портфолиото на СК Капитал немаат регистрирано присуство, ниту остварени приходи во Република Северна Македонија.

**Свикс Биофарма Холдинг АГ**, е активна во комерцијализацијата на готови фармацевтски производи во дозирана форма за фармацевтски компании – трети лица. Свикс Биофарма Холдинг АГ работи во повеќе држави во Централна и Источна Европа, Грција, Евроазија и неколку поранешни советски републики, Блискиот Исток и Латинска Америка. Претежно снабдува производи на биофармацевтски компании, производи кои се продаваат без рецепт (ОТС) и компании за медицински средства на тие пазари.

Свикс Групата има регистрирано присуство во Северна Македонија преку едно зависно друштво:

АМИКУС ФАРМА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 62, ламела Ц, Скопје – Карпош со регистрираната приоритетна дејност на Амикус НМК е 73.11 – Рекламни агенции.

Во Северна Македонија, Свикс Биофарма Холдинг АГ е активна во продажба на фармацевтски производи во дозирана форма, во областите онкологија, кардиоваскуларни заболувања, ретки болести, ендокринологија, вакцини, дерматологија, централниот нервен систем, остеопороза, антиинфективни средства, хематологија, гастроентерологија и трансплантологија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**